

К О Д Е К С

ЗА ОДНЕСУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Секој ученик има право на квалитетно образование, еднаков третман и заштита од секаков вид дискриминација, насилство и понижување. Истовремено, ученикот има обврска да го почитува училишниот ред, наставниците, вработените, соучениците и имотот на училиштето.

Кодексот за однесување на учениците претставува збир на правила и норми кои го уредуваат однесувањето на учениците во училиштето и надвор од него, во рамки на наставните и воннаставните активности. Неговата цел е да се обезбеди безбедна, пријатна и продуктивна средина за учење и личен развој.

ОСНОВНИ НОРМИ И НАЧЕЛА

Овие воведни одредби го утврдуваат основниот кодекс на однесување на учениците во училиштето и имаат за цел да обезбедат безбедна, поттикнувачка и достоинствена средина за учење, воспитување и личен развој. Однесувањето на учениците се темели на меѓусебна почит, толеранција, одговорност и почитување на човековите права.

Во воспитно-образовниот процес ученикот има должности и одговорност:

- Воспитанието и образованието да му претставуваат највисок императив во неговото однесување;

- Да ги осознава и почитува општествените и индивидуалните вредности кои имаат траен карактер и кои треба да ја чинат основата на моралноста на една личност;
- Да ги почитува наставниците, соучениците и целиот училишен персонал
- Да се однесува културно, без навредлив говор на омраза или насилство
- Да ја почитува различноста (мислење, култура, пол, вероисповед) и да придонесува кон позитивна училишна клима.

1. ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ НА УЧЕНИКОТ

Учениците се должни:

- Редовно и навремено да ја посетуваат наставата и активно да учествуваат во образовниот процес.
- Тие треба да покажуваат почит кон наставниците, соучениците и сите вработени во училиштето, користејќи културен и пристоен говор и однесување
- Секој ученик има обврска да ги почитува различностите и да не дозволува дискриминација, навредување или насилство од каков било вид.
- Од учениците се очекува одговорно однесување кон училишниот имот и личните предмети на другите.
- Забрането е уништување или злоупотреба на училишните простории, опрема и наставни средства.
- Учениците треба да се придржуваат до правилата за безбедност и хигиена, со цел заштита на сопственото и здравјето на другите.
- Забрането е злоупотреба на мобилни телефони и електронски уреди за време на наставата, како и сајбер-насилство, ширење навредливи содржини или нарушување на приватноста на другите.

Учениците имаат одговорност:

- Да преземат одговорност за своето однесување и постапки.
- Да ги превземаат последиците доколку ги прекршат правилата.
- Да се стремат кон позитивно однесување и меѓусебна соработка.

Во училиштето се забранува:

- Внесување и конзумирање алкохол, цигари, опијати, пиротехнички средства.
- Фрлање на храна и отпадоци на места кои не се наменети за отпад.
- Секаков вид на агресивно однесување, психичко или физичко малтретирање како и користење вулгарни зборови кон ученик, наставник или друг вработен

2. ЛИКОТ НА УЧЕНИКОТ

- Да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- Секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување и да формира културни и естетски навики.
- Да внимава на својот морален лик.
- Треба да има одговорен однос кон средствата и условите со кои или во кои работи и учи.

- Да се изградува во личност во која може да се има доверба.
- Да верува во своите способности и пред себе да си поставува високи барања.
- Постојано да се ангажира во постигнување на резултати во наставата и вон наставните активности, и да се однесува коректно, одговорно, објективно и да биде доследен во однесувањето.

3. УЧЕНИКОТ И НАСТАВНИОТ ЧАС

- Навреме и редовно да доаѓа секој наставен час.
- Да не користи мобилен телефон на часот.
- Да допринесува и овозможува позитивна работна атмосфера со активно ангажирање на часот.
- Да не ја пореметува планираната работа на часот со задоцнето влегување, разговори, излегување, предизвикување конфликтни ситуации и сл.
- Да ги почитува сите субјекти за време на часот и другите воспитно - образовни активности.

4. МЕЃУСЕБЕН ОДНОС НА УЧЕНИЦИТЕ

- Да ги почитуваат своите соученици без разлика на способностите и можностите и да не дозволуваат дискриминација, навредување или насилство од каков било вид.
- Да ги почитуваат принципите на другарство, искреност солидарност и отвореност;
- Меѓусебната соработка да ја темелат врз взаемно договарање разменување на искуства и совесно и ефикасно извршување на задачите;
- Треба да им помагаат на другите ученици пренесувајќи им го своето знаење и искуство;

5. ОДНОСОТ НА УЧЕНИКОТ КОН УЧИЛИШТЕТО

Ученикот е должен да ги почитува и спроведува нормите на однесување и работа во училиштето, семејството и поширокаата заедница при што:

- Го чува и правилно го користи училишниот инвентар.
- Не го оштетува училишниот или туѓ имот.
- Ја одржува хигиената во училниците и заедничките простории.
- Ја почитува личноста на сите вработени во училиштето, родителите и другите посетители;
- Избегнува стил на комуницирање и појави недолични за ликот на ученикот и не користи навредлив и непристоен говор;
- Не ги омаловажува и навредува другите во училиштето и надвор од него и не смее да пројавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација и сл.;
- Искрен е и лојален кон себе и кон другите;
- Има одговорен однос спрема средствата, инвентарот и другите материјални добра и условите во кои или со кои работи во училиштето;
- Се труди училиштето да биде пријатно и безбедно место за него и за сите други (Не носи опасни предмети во училиште, не учествува во физичко или психичко насилство, ги почитува правилата за безбедност за време на часови, одмори и други активности).

6. ОДНОСОТ НА УЧЕНИКОТ СО РОДИТЕЛОТ

- Навремено и објективно ги информира родителите за својата работа и однесувањето во училиштето и надвор од него;
- Бара соработка и ангажирање на родителите за решавање на проблеми врз основа на меѓусебна доверба и разбирање;
- Придонесува и ја поттикнува комуникацијата и соработката на родителите и училиштето;
- Со својот успех и поведение е одговорен пред своето семејство и општествената заедница;
- Се придржува на законската одредба за советување на родители

7. ОДНОСОТ НА УЧЕНИКОТ ЗА ВРЕМЕ НА ПРАКТИЧНАТА НАСТАВАТА

- Работи под стручно водство на професорот;
- Го почитува редот во кабинетот каде ја извршува практичната настава и ги почитува правилата на однесување, сигурност, присутност и доверливост.
- Контактира со наставникот при појава на проблем на работното место
- Да ги почитува правилата за заштита при работа согласно Законот за заштита при работа и согласно пропишаните Стандарди за изведување на обука на учениците.

8. УЛОГА И ОДГОВОРНОСТ НА УЧЕНИКОТ ВО ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

- Работи под стручно водство на менторот;
- Го почитува пропишаниот ред кај работодавачот (правила на однесување, сигурност, присутност, доверливост и др.);
- Контактира со наставникот за практична обука при појава на проблеми на работното место;
- Учествува на состаноците со менторот, родителот/старателот и наставниот кадар во споделувањето на информации;
- Води дневник за реализираните задачи во текот на практичната обука кај работодавецот.

9. ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ ЗА ВРЕМЕ НА ОДМОР И ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

- Се однесува пристојно и одговорно.
- Не предизвикува конфликти и не манифестира насилничко однесување.
- Ги почитува правилата на училиштето и надвор од него.

10. КОРИСТЕЊЕ ТЕХНОЛОГИЈА

- Мобилните телефони и уредите ги користи според училишните правила.
- Не снима и не објавува содржини без дозвола.
- Не користи интернет за навредување или злоупотреба.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс.

За непочитување и непридржување на Кодексот одговорен е причинителот лично од моментот на стапување на сила на кодексот за однесување на ученици.

Претседател на Училишен одбор

_____

Сашо Илиевски

Битола, 2025 година